Бр: 10-82
Скопје: 28.09.2021

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-82 од 14.09.2021година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за доделување на планирана регионална помош на Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, на седницата одржана на 28.09.2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр.10-82 од 14.09.2021 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за доделување на планирана регионална помош на Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, како корисник на државната помош, утврди дека

Мерката

- **Помош во износ до 10% од оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на поднесување на барањето за исплата на помошта, која помош може да изнесува дополнителни 5 процентни поени на 10-те проценти од оправданите инвестициски трошоци, под услов приходите од дејноста на друштвото да се зголемат за 5% во годината пред барањето за исплата во споредба со просечните приходи од дејноста во претходните 3 години**

**претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош и претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на други производи од гума претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош при што доделувањето на истата е дозволено.**

Вкупната помош не може да надмине 50% од оправданите инвестициски трошоци реализирани до тој датум. Давателот на државната помош може да се согласи за таква исплата во зависност од брзината на реализација на Деловниот план, како и на фискалните услови за соодветната година.

Корисникот на државна помош ќе инвестира износ не помал од 10.000.000 милиони евра во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за третиот инвестициски проект во зоната, во периодот до Датумот на завршување.

Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден ќе создаде најмалку 50 нови работни места при што ќе вработи најмалку 50 нововработени до Датумот на завршување, така што вкупниот број на вработени кај корисникот на државната помош заедно со вработените за реализација на првиот проект и вториот проект ќе достигне 188 до датумот на завршување.

Корисникот на државната помош ќе ја одржува инвестицијата, односно средствата (постројки, згради, опремата) во зоната, во продуктивна, оперативна и употреблива состојба во период од најмалку 5 години од датумот на завршување на третиот инвестициски проект. Доколку корисникот на државната помош не успее да ја одржи инвестицијата во согласнот со ова, тој е обврзан да го врати целокупниот износ на примена државна помош според Договорот за доделување државна помош на корисник на технолошко инустриска развојна зона заедно со каматната стапка пресметана во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

Корисникот на државната помош ќе финансира најмалку 25% од оправданите инвестициски трошоци за третиот инвестицискиот проект од сопствени извори или од трета страна во форма која не претставува државна помош.

Кумулативната регионална државна помош за третиот инвестициски проект ќе биде ограничена на износ еднаков на 50% од потврдените оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување (максимум 5.000.000 евра). Во случај на добиен износ на државна помош во висина над максималниот интензитет од 50% од износот на потврдените оправдани инвестициски трошоци за третиот инвестициски проект, корисникот на државната помош веднаш и без одложување ќе ја врати разликата на давателот на државната страна во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош, е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони достави Известување за планирано доделување на помош како и Известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош на корисник во ТИРЗ Скопје 1 на Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден бр. 10-82 од 14.09.2021 година (во натамошниот текст: известувања), со Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и Писмо за намери и деловен план за инвестицискиот проект на ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден.

КЗК, согласно член 15 од Законот за контрола на државна помош, ги испита известувањата за планираното доделување на државна помош на Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден за третиот инвестициски проект во зоната. При испитување на известувањата, КЗК утврди дека тие содржат нецелосни податоци. Имено ,во Известувањето за планирано доделување на помош е наведен правниот акт врз основа на кој се планира доделувањето на помошта –Одлука од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/4 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, но истиот не е доставен до КЗК како прилог, заедно со преостанатите доставени прилози кон Известувањето. Исто така, КЗК утврди дека е потребно дополнително објаснување во врска со планираното евентуално

доделување на индивидуална регионална помош. Согласно член 14 став (3) од Законот за контрола на државната помош, КЗК со допис бр. 10-82 од 17.09.2021 година побара од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го дополни известувањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување, односно да ја достави Одлуката од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/4 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и објаснувањето во врска со планираното евентуално доделување на индивидуална регионална помош.

Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони на ден 21.09.2021 година со допис бр. 13-903/5 од 20.09.2021 година до КЗК достави дополнување на известувањето за планирано доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден бр. 10-82 од 14.09.2021. Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони ја достави Одлуката од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/4 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, која претставува правен основ за планирано доделување на државната помош, како и објаснување во врска со планираното евентуално доделување на индивидуална регионална помош.

Со оглед на фактот дека дополнувањето на известувањето ги содржи потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) како ден на прием на уредно известување се смета 21.09.2021 година.

Воедно, во врска со истиот корисник на помошта, КЗК даде Мислење бр. 03-185/1 од 24.06.2013 година во врска со Договорот бр. 03-705/1 за доделување на државна помош на корисникот на технолошко-индустриската развојна зона “Скопје 1“ ДПТУ Витек Македонија ДОО Скопје, потпишан на ден 14.04.2011 година помеѓу Владата на Република Македонија како давател на државна помош согласно член 4 став 1 точка 6 од Законот за технолошко-индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12), застапувана и претставувана од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и ДПТУ Витек Македонија ДОО Скопје како корисник на државна помош, и истата претставува доделување на регионална помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони.

Исто така, КЗК со Решение бр. 10-17 од 29.12.2016 година одобри доделување на планирана државна помош за регионален развој на ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден со седиште во Технолошко индустриска развојна зона „Скопје 1, за производство на хидраулична опрема и услуги. Оваа помош КЗК ја квалификуваше како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони, за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, КЗК го одобрила Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

КЗК во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања и Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден (непотпишан од договорените страни) и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е: Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони;**

- **Корисник на државната помош е Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден** со седиште на адреса ул. “103“, бр. Блок 28-ТИРЗ Бунарџик, Илинден, Република Северна Македонија

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта–Одлука од Управен одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 02-1001/4 од 24.08.2021 година за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и Предлог Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден.

  За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин следните четири критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на мерката содржана во доставените известувања, КЗК ја анализираше од аспект на тоа дали истата ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

Мерката: **Помош во износ до 10% од оправданите инвестициски трошоци реализирани до датумот на поднесување на барањето за исплата на помошта, која помош може да изнесува дополнителни 5 процентни поени на 10-те проценти од оправданите инвестицски трошоци, под услов приходите од дејноста на друштвото да се зголемат за 5% во годината пред барањето за исплата во споредба со просечните приходи од дејноста во претходните 3 години,** предвидена во член 13 став 13.4 од Предлог договорот за доделување на државна помош

**претставува државна помош,** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие-Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатијата и нивните конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај -Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден, се ставаат во независна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар за производство на други производи од гума. На овој начин, со доделувањето на државна помош преку оваа мерка, Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие - Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК

МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден и неговото производство на други производи од гума, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека ќе оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие –Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден. КЗК, освен што утврди дека горенаведената мерка претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на други производи од гума, претставува **регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Северна Македонија **за подржување на продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места поврзани со инвестициите.**

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Во Предлог договорот за државна помош е наведено дека Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден ќе инвестира износ не помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за третиот инвестициски проект во зоната, во периодот до Датумот на завршување.

Согласно Предлог договорот, во однос на помошта од член 13 став 13.4, која било од двете страни, во кој било момент од времетраењето на Договорот, може да иницира процес за периодичен преглед во однос на реализацијата на параметрите од Деловниот план, вклучително, но не ограничувајќи се на оние што се рефлектираат во членовите 4 и 5, како и степенот на искористенот на распределената државна помош (член 3). По завршувањето на таквиот периодичен (периодични) преглед (и), корисникот на државната помош може да бара исплата на државна помош до 10% од оправданите инвестициски трошоци реализирани до тој датум. Корисникот на државната помош може да побара исплата на дополнителни 5 процентни поени на 10-те проценти од оправданите инвестициски трошоци, единствено под услов приходите од дејноста на друштвото да се зголемат за 5% во годината пред барањето за исплата во споредба со просечните приходи од дејноста во претходните 3 години. Таквата дополнителна исплата и износот на државната помош искористена до тој датум не може да надмине 50% од оправданите инвестициски трошоци реализирани до тој датум. Давателот на државната помош може да се согласи за таква исплата во зависност од брзината на реализација на Деловниот план, како и на фискалните услови за соодветната година.

Корисникот на државната помош ќе ја одржува инвестицијата, односно средствата (постројки, згради, опремата) во зоната, во продуктивна, оперативна и употреблива состојба во период од најмалку 5 години од датумот на завршување на третиот инвестициски проект. Доколку корисникот на државната помош не успее да ја одржи инвестицијата во согласнот со ова, тој е обврзан да го врати целокупниот износ на примена државна помош според Договорот за доделување државна помош на корисник на технолошко инустриска развојна зона заедно со каматната стапка пресметана во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

Кумулативната регионална државна помош за третиот инвестициски проект ќе биде ограничена на износ еднаков на 50% од потврдените оправдани инвестициски трошоци реализирани до датумот на завршување (максимум 5.000.000 евра). Во случај на добиен износ на државна помош во висина над максималниот интензитет од 50% од износот на потврдените оправдани инвестициски трошоци за третиот инвестициски проект, корисникот на државната помош веднаш и без одложување ќе ја врати разликата на давателот на државната страна во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

Мерките:

1. **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период од 10 години почнувајќи од денот на добивање на Решенито за проширување, под услови утврдени во Законот за ТИРЗ;**

2. **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход на примањата по основ на платите на нововработените за период од 10 години почнувајќи од денот на добивање на Решенито за проширување и под услов да нема намалување на бројот на вработените во постојниот капацитет на корисникот на државната помош во зоната пред и по донесувањето на Решениeто за проширување (за да нема сомневање, вработувањата согласно првиот и вториот договор за државна помош и оние според овој Договор нема да се мешаат и тие ќе продолжуваат да постојат според условите на секој инвестициски проект одделно);**

3. **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увозот на добра во зоната, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, т.е да не се наменети за крајна потрошувачка;**

4. **午рински ослободувања и олеснувања;**

5. **Ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште и**

6. **Изземање од обврската за поднесување на гаранција како безбедносен инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по одредувањето на царински дозволено постапување или употреба на стоката за време на вршењето на дејноста во Зоната**

**од Предлог договорот за доделување на државна помош претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони** за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година КЗК го одобри Законот за технолошки – индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко – индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија. Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**